РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
Бр. 01-318/1
30-07-2009
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 0307-664/2
24.02 2009 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

## за формирање Национална мрежа на лабаратории од значење за системот за управување со кризи

Центарот за управување со кризи, од една страна и министерствата:

- Министерство за внатрешни работи
  - -Биро за јавна безбедност
  - -Оддел за криминалистичка техника
- Министерство за животна средина и просторно планирање
  - -Централна лабораторија
- Министерство за финансии
  - -Лабораторија при царинска управа
- Министерсво за економија
  - -Биро за метрологија
- Министерство за одбрана
  - -Служба за воено здравство- Воена болница

- Републички завод за здравствена заштита

- Македонската академија на науки и уметности
  - Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија

Универзитетите:

- Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола
  - Факултет за биотехнички науки-Битола
  - Технички факултет
  - Технолошко-технички факултет - Велес
  - Факултет за безбедност
  - ЈНУ Институт за тутун-Прилеп
  - ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид

- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
  - Технолошко-металуршки факултет
  - Природно-математички факултет
  - Факултет за ветеринарна медицина
  - Медицински факултет
  - Фармацевтски факултет
  - Факултет за земјоделски наука и храна
  - Шумарски факултет
  - Градежен факултет
  - Машински факултет
  - Архитектонски факултет
  - ЈНУ Институт за сточарство-Скопје
  - ЈНУ Земјоделски институт
  - ЈНУ Институт за земјотресно инженерство и сеизмологија
- Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
  - Земјоделски факултет
  - Факултет за медицински науки
  - Факултет за рударство, геологија и политехника
    - -Геомагнетна опсерваторија

- Универзитет на Југоисточна Европа
- Државен Универзитет во Тетово
- Прв Приватен Европски Универзитет-Република Македонија
- Прв Приватен Универзитет-ФОН

Приватни компании:

- Микросам А.Д.
- 11 Октомври-Еурокомпозит А.Д. Прилеп
- Охис-Акционерско друштво органско хемиска индустрија „Наум Наумовски Борче" - Скопје
- А.Д. „Јака 80" - Радовиш
- Макстил А.Д.
- Веда – Скопје
- Алкалоид Скопје А.Д.
- Реплек Фарм А.Д.

Во понатамошниот текст: потписници на Договорот, од друга страна, се согласија за следното:

**Член 1**

Со овој Договор се утврдува рамката за формирање на Национална мрежа на лабаратории за обавување на експертизи од значење за системот за управување со кризи, што ќе ја сочинуваат лабораториите и респективните истражувачки оддели при министерствата; другите органи на државната управа, Универзитетите и приватните компании.

**Член 2**

Одредбите од овој договор се темелат врз и се во согласност со меморандумите за соработка потпишани помеѓу Центарот за управување со кризи и министерствата, другите органи на државната управа и Универзитетете.

**Член 3**

Цел заради која се формира Националната мрежа на лаборатории е координација на активностите во вршењето на експертизи и лабараториски испитувања од значење за превенција на цивилни ризици и опасности и рано предупредување, справување и надминување на последици од цивилни несреќи и катастрофи.

**Член 4**

Потписниците на договорот, преку своите организациони единици надлежни за вршење на лабараториски испитувања се договорија за реализација на следните активности:

1. Утврдување на правната рамка врз основа на која во рамките на системот за управување со кризи се вршат лабораториските испитувања;
2. Утврдување критериуми врз основа на кои ќе се определува потребата од заедничко вршење на експертизи и лабораториски испитувања од значење за системот за управување со кризи.
3. Утврдување систем од индикатори кои ќе се користат при утврдување на причинско последичните врски при настанување на цивилни несреќи и катастрофи, како и за превентивно утврдување на можните ризици за нивно настанување.
4. Планирање на кадровското екипирање и оспособување и материјално-техничкото опремување за вршење на лабараториски испитувања за потребите на системот за управување со кризи.
5. Утврдување процедури за размена, чување и пристап до информации и податоци од извршените лабараториски испитувања.

**Член 5**

Заради координација во остварување на функцијата на националната мрежа на лаборатории, се формира координативно тело.

Потписниците на договорот се согласија членови на Координативното тело да бидат раководни лица што ќе ги определи секој од потписниците на договорот. Во работата на Координативното тело може да учествува и друго лице определено од овластеното лице, потписник на договорот.

Со Координативното тело ќе раководи директорот на Центарот за управување со кризи, или лице овластено од негова страна.

Координативното тело се состанува по потреба.

Одлуките донесени од страна на Координативното тело се задолжителни за потписниците на Договорот што ги донеле.

**Член 6**

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето.

За конкретна реализација на одредбите од овој Договор ќе бидат изготвени анекси кон договорот.

Овој договор ќе биде потпишан од страна на потписниците наведени во преамбулата на овој Договор.

На националната мрежа на лаборатории по потреба може да пристапат и нови институции со кои поодделно ќе бидат потпишани договори за соработка.

Договорот е изработен во 2 (два) еднобразни примероци, од кои по еден примерок за секој потписник на договорот.

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

д-р Панде Лазаревски
ДИРЕКТОР

**БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА**

Д.Парнарџиев
г-дин Димитар Парнарџиев
ДИРЕКТОР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
СКОПЈЕ